Атле Нес

ЛЕОНАРДО ДА ВИНЧИ
и неговото време

Биографија

МАКЕДОНИКА
литера
Скопје, 2021
МАКЕДОНИЈА

Појдовна точка

Беше 15 јуни 1998 година. Се спуштавме по долината на Лоара со изнајмениот автомобил – двајца господа во доцните четириесетти години, кои се занимаваат со историја и култура – мојот пријател Ларс Андерс можеби повеќе се интересираше за француските, а јас за италијанските историја и култура. Но да бидам искрен, тоа не беше причината поради која минувавме низ тој историски централен дел на Франција оној убав, но малку ветровит јунски ден. Првичното одредиште беше Бордо, каде што на следниот ден Норвешка требаше да се сретне со Шкотска во вториот натпревар за време на Светското фудбалско првенство. (Патувањето продолжи до Марсеј и натпреварот против Бразил една седмица подоцна – но овој дел од приказната треба да заврши овде.)

Веќе бевме стигнале во Шартр, за да ја разгледаме тамошната катедрала, долго шетајќи околу ова централно дело на европската готика – зграда која сакав да ја видам уште многу одамна. Патем си дозволивме едно запирање и Ларс Андерс го предложи Амбуаз. Името не ми кажуваше многу, но ми објасниј дека тоа било важно место за Кралството Франција во текот на XIV и XV век, познато и по својот прекрасен замок. Беше познато и по анегдотата, во која буквално се тврдеше дека ја предизвикало смртта на Шарл во текот на 1498 година, којшто прилично силно си ја удрил главата во рамката на камената врата.

Сега веќе немаше сомнеж дека ќе влеземе во замокот за да ја видиме таа рамка. Но дека одевме натаму, паднавме под искушението на една посебна градба со скршена врата – тоа беше капела, или поточно кажано – доцноготска мини-црква со слики од француски крин по плочките, витражи по високите прозорци и деликатен ребрест свод. Беше посветена на Сент Хуберт, заштитник на ловот.

Капелата беше убава, но ние веќе бевме малку уморни по посетата на Шартр, а и во Бордо нè чекаше вечерата. Но и покрај тоа, направивме неколку чекори напред за да ја видиме мермерната плоча на еден од сивкаво жолтите ѕидови од песочник.

Се стаписавме, гледајќи еден во друг. Моето скромно познавање на францускиот јазик ми помогна да го прочитам натписот напишан со големи букви, кои имитираа латински фонт: EN CET LIVE REPOSENT LES RESTES DE LEONARD DE VINCI, „На ова место почиваат остатоците на Леонардо да Винчи“.

Во тој момент се сетив дека јас, всушност, знам дел од италијанската ренесанса, творештвото на нејзините три главни лика: Микеланцело, Рафаел и Леонардо. Патував и видов многу слики и скулптури во музеите, црквите и манастирите. Бев и во „Санта Кроче“ во Фиренца, каде што истакнатите Фирентинци уживаат вечна чест, и ја видов големата, некои би рекле огромната гробница на Микеланцело. Го посетив, се разбира, можеби единственото место во Италија каде што е уште поголем престижот да биде некој положен, најубавиот класичен споменик во Рим – Пантеон. Токму таму е погребан Рафаел.

Ако добро се сеќавам, некаде имав слушнато дека Леонардо ги поминал последните години во Франција и затоа починал тука. Но, јас стоев таму, во капелата на Сент Хуберт и се прашував *зошто* – каква била причината тој да има само една чиста мермерна плоча во капелата, а не гламурозна италијанска гробница? Последново многу повеќе би одговарало на угледот на еден од најголемите уметници не само на Италија, не само на Ренесансата, туку и на светската уметност од сите епохи.

Им го свртевме грбот на Сент Хуберт и Леонардо и продолживме кон Бордо и Марсеј, но љубопитноста веќе беше разбудена. Меѓутоа, требаше да поминат многу години пред да најдам време и можност да го истражам долгиот пат од Винчи до Амбуаз. И еве го крајниот резултат.

Леонардо зад себе оставил безброј записи – неговите белешки и скици, кои не биле познати во негово време, па дури и потоа. Нивните траги може да се најдат во многу колекции во Европа и во САД, а самиот материјал е делумно предмет на истражување, толкување и дискусија. На тој начин најмногу се доближуваме до него, дури и повеќе одошто преку добро зачуваните слики, кои најверојатно и без исклучок биле правени по нарачка. Се обидов прилично внимателно да цитирам извадоци од овие белешки, како самиот Леонардо да Винчи да звучи од биографијата. На истиот начин се претставени многу од повеќе или помалку завршените скици и цртежи. Така неговиот талент, кој е веројатно невиден по својата универзалност – и неговата трансцедентна имагинација го наоѓаат својот најдобар израз.

Прв дел

ДОБЛЕСТ И ЧЕСТ

Од Винчи до Фиренца
1452-1482

Водата којашто ја допираш во реката,
е последното нешто од тоа што поминало,
и првото од тоа што претстои.

(Белешка на Леонардо, бр. 1174)

Пејзаж со маслинови дрвца

Се зборува дека додека сер Пјеро да Винчи бил на својот имот, некој од селаните дошол кај него со мал штит, во којшто имал собрано смокви од имотот. Многу сакал штитот да му биде украсен во Фиренца и затоа замолил за помош. Сер Пјеро се израдувал на молбата, особено затоа што тоа бил еден земјоделец кој бил искусен ловец на птици и добар рибар и честопати му помагал во овие активности. Го зел штитот со себе во Фиренца, и без да каже чиј е штитот, го замолил Леонардо (неговиот син) да наслика нешто на него.

Еден ден Леонардо го зел штитот во рацете и видел дека е крив, невешто и несмасно направен. Тој го ставил над оган и го исправил, а потоа го ставил да се излади, давајќи ѝ на грубата и недоделкана изработка, фина и правилна форма. Потоа поставил гипсена основа и го замислил планот на работа. Па почнал да размислува што да инкрустира врз штитот. Тоа требало да биде нешто што ќе го исплаши оној што ќе види, како што тоа некогаш го правела главата на медуза.

За да го добие тоа што го сакал, Леонардо влегол во својата соба, за којашто само тој имал клуч и каде што имало разни видови гуштери, штурци, змии, пеперутки, скакулци, лилјаци и други чудни животни. Со помош на различни делови од телата на собраните животни, тој создал ужасно и страшно суштество, кое испуштало отров и блуело оган. Го насликал како да излегува од мрачна планинска карпа. Од грлото му излегувал отров, во очите му блескал оган, а од ноздрите му се извивал чад, така што ефектот предизвикувал одвратност и ужас. Леонардо работел на своето дело толку долго и бил исклучително опседнат со уметноста, што дури и не сфатил кога целата соба се исполнила со реата на мртвите животни.

Работата била завршена, но ниту селанецот а ниту неговиот татко не го побарале штитот. Затоа Леонардо испратил абер дека штитот е готов и дека може да биде вратен. Едно утро сер Пјеро дошол и тропнал на вратата. Леонардо ја отворил вратата и го замолил татко си да почека малку надвор. Потоа се вратил во собата, го поставил штитот со предната страна потпрен на стативот и го отворил прозорецот, така што светлината да паѓа врз него. Тогаш го повикал татко си да влезе. Сер Пјеро не бил подготвен за тоа што го видел, се исплашил и си помислил дека тоа не може да е штитот, и дека суштеството што го видел би можело да биде насликано. Тој се свртел и посакал

да излезе надвор, но Леонардо го зграпчил и му рекол: „Ова дело ја постигна целта. Земете го и понесете го со себе, бидејќи тоа дејствува така како што би требало да дејствува секое уметничко дело.“

Сер Пјеро го сметал делото за особено чудно, но ја пофалил наклонетоста на Леонардо кон ликовната уметност. Подоцна, тој тивко купил нов штит од некој трговец. Бил украсен со срце прободено со стрела. Овој штит му го дал на селанецот, кој пак му бил благодарен до крајот на животот. Додека пак штитот на Леонардо кришум го продал за сто дукати на некој трговец во Фиренца. Набргу потоа, истиот тој штит паднал во рацете на Франческо, војвода од Милано, кој го купил од трговецот за триста дукати.[1]

Селцето Винчи, каде генијалниот Пјеро (сер била почесна титула за нотарите и адвокатите) имал имотот и каде што живеел благодарниот селанец, се наоѓа во тосканските ридски предели на околу 40 километри западно од Фиренца. На прв поглед, се чини дека местото му го должи своето име на глаголот vincere, победувам. Оваа врска е речиси неизбежна во епиграмите и играта на зборови, односно човекот кој го зел името на селото и го направил познато до најдалечните краишта.

Но потеклото на името е веројатно поскромно. Тоа потекнува од латинскиот збор vincus[2], што значи „стрела“ или „острина“ и се користел за дрвја[3] кои имаат долги, флексибилни гранки и се соодветни за плетење, особено за кошници. Не е тешко да си претставиме дека занаетот како плетењето на кошници бил вообичаен во таквиот пасторален амбиент. Во малото селце има многу импресивна тврдина и величествена црква, но инаку од сите страни е опколено со полиња, минијатурен местен центар во средина на богатата земјоделска област.

Малку северно од тврдината и црквата, која го носи името на Светиот крст, „Санта Кроче“ селото завршува и започнуваат маслиновите дрвца. Тие се протегаат неколку километри по угорнината на ридот кој се издига, а некои од нив се многу стари и искривени, но добро одржувани и згрижени. Помеѓу дрвјата се извива црн пат. Тој не е направен само за полесен транспорт на маслинките, туку и води до блиското селце, малечко маало, наречено Анчијано.

Првата куќа во Анчијано е одвоена од другите и се наоѓа на ритчето десно од патот. Изградена е од светол делкан камен. Камењата се со различна големина, прозорците се многу мали. Покрај куќата има помошна градба, која образува L форма меѓу двете страни на дворот. Од другата страна се открива глетка: преклопени ридови и насипи, некои украсени со листопадни шуми, други со мали лозја, но пред сè, со маслинови дрвца кои се потегаа во долги сивозелени редови.

---

[1] Џорџо Вазари „Животот на Леонардо да Винчи“. (Заб. на прев.) (Понатаму во книгата, онаму каде што не е напомнато, сите фусноти се на авторот.)

[2] Malossini (1997), 309.

[3] Станува збор за врби. (Заб. на прев.)

Во таа селска куќа е роден Леонардо, синот на сер Пјеро.

Или можеби не?

Леонардо бил многу ценет во своето време, а восхитот спрема него само се зголемил низ вековите. Но и покрај тоа – или можеби токму поради ваквиот однос, неговите траги се разоткриваат само тогаш кога човек ќе им се доближи доволно. Некои од нив се покажаа како митови, претпоставки, побожни стихови, претерано идолопоклонство. Куќата во Анчијано несомнено има врска со семејството Да Винчи, иако постои сомнеж дали тие ја поседувале во 1452 година. Но како и да е, тие сепак имале куќа во самото Винчи.

Традиционалното објаснување во врска со раѓањето, кое се случило на малку поскришно место, се должи на фактот дека семејството сакало да не се крева голема врева околу тоа. Сер Пјеро воопшто не бил оженет за жената што го родила неговиот првороден син. Сепак, оваа тврдење противречи на белешките на дедото на Леонардо, кој со голема среќа и во најмали детали го опишува својот малечок внук – било како било, момчето е крстено во парохиската црква во Винчи, а негови кумови биле соседите и пријателите на семејството. Можеби најопипливиот спомен за Леонардо од неговото родно место е огромниот камен купел за крштевање, кој несомнено не го променил своето место уште од средновековието.

Еве како дедо му Антонио го забележал неговото раѓање: „Во 1452 година, на 15 април, сабота, во 3 часот по полноќ, се роди мојот внук, син на мојот син сер Пјеро. Му беше дадено името Лионардо, а крстен од свештеникот Пјеро ди Бартоломео...“[4]

[4] Државен архив на Фиренца.

Часовите се сметале од зајдисонце, па така, независно каде се родил „Лионардо“, тоа се случило во десет часот навечер.

Долгогодишната традиција веќе ја поврзува куќата на ридовите со раѓањето на Леонардо и скромното, макар и малку грубо утврдено место, ако не друго, добро потсетуваат на неговото потекло: бил селско момче, пораснато со диви цветови крај патот, воденици крај потоците, меѓу луѓе кои плетеле кошници, собирале маслинки, правеле дрвени производи од смоквини дрва, самите го пресувале зрелото грозје и го оставале да ферментира до силно, црвено вино.

Не било вообичаено семејството Да Винчи да се прехранува само како сопственик на стопанства. Да Винчи стоеле цврсто на земја – од една страна биле имотите во родното гратче, а од друга страна – нивната работа во забрзаното секојдневје на големиот град, оддалечен на еден ден патување од Винчи, културен и економски центар на тосканската област – Фиренца.

Вообичаено, во тоа време семејната работа најчесто се пренесувала од татко на син. Семејството Да Винчи биле нотари, откако помнеле. Токму во Фиренца ја прифатиле традицијата на повисоката класа со земањето фамилијарни имиња – во родното гратче било смешно да кажеш дека си „од Винчи“. Но тие ја зачувале врската со родното место и често се оттргнувале таму, за да избегаат од раздвижениот градски живот.

Нотарите играле важна улога во просперитетниот трговски град Фиренца. Многу од нив имале широка општа култура. Изучувале латински јазик и римско право, а често прејавувале интерес и за римската политика, историјата, филозофијата. Не било невообичаено нотарите да извршуваат дополнителна работа како учители по тие предмети. Или пак, имало и многу други работи за кои биле корисни нивните знаења: склучување договори меѓу приватни лица или трговци, изготвувале потврди за брак и тестаменти, биле писари или архивари во државната администрација или за моќната црковна институција.

Од друга страна, дедото на Леонардо, Антонио, не бил типичен Да Винчи. Тој останал на село, си ја обработувал земјата и произведувал по 50 крини[5] пченица, пет крини просо, 26 бочви со вино и две димиџанки со маслиново масло – според сопствената сметка пред даночните власти во 1427 година.[6]

Таткото на Антонио бил нотар – тоа се гледа од грбот на една од „нотарските книги“ каде што е запишано раѓањето на син му. А најстариот син на Антонио, сер Пјеро, ја прифатил семејната традиција. Во 1452 година младиот Пјеро да Винчи си ја зацврстил својата положба со бракот со 16-годишната Албиера, ќерка на имотен колега од Фиренца.[7]

---

[5] Една крина е еднаква на 30 килограми. (Заб. на прев.)
[6] Nicoll (2005), 23.
[7] Nicholl (2005), 26.